Електролукс е фирма основана во 1990 година. Се занимава со продажба на компјутерска и телекомуникациска опрема од светски познати фирми, како и со проектирање и изведба на компјутерски и телекомуникациски мрежи.

Во рамките на Електролукс, функционира модерен и адекватно опремен сервис со најсовремена сервисна техника и технологија за дијагностика и сервисирање на уредите од повќе продажни програми.

Имаме тим од млади и високо стручни кадри со стекнато искуство и доверба кај своите корисници и партнери, посветени на постојаниот развој и усовршување на уредите и услугите кои ги нудиме, секогаш спремни да излеземе во пресрет на Вашите барања и потреби.

Електролукс располага со современо опремен магацински простор, кој квалитативно и квантитативно соодветствува на тековниот и очекуваниот капацитетот на работа, исто така поседува и сопствен возен парк, со кои се обезбедува непречено и ефикасно извршување на деловните активности и физичката дистрибуција.

*Hardware и Сервисни услуги*

Изработуваме хардверски решенија, мрежни инсталации, сервис на лице место.

Компанија која на своите клиенти им нуди решенија сѐ-во-едно: планирање, проектирање, развој, имплементација и поддршка на врвни, комплетни ИКТ решенија за подобрување на работните процеси преку професионално деловно советување и пренос на know-how за поголема конкурентност на клиентите.

Електролукс  има богато искуство со проектирање и изведба на компјутерски мрежни системи, потребни на вашата компанија. Обратете ни се доколку сакате квалитетно мрежно решение, а ние сме во можност да ви ги понудиме и следниве услуги:

- Консалтинг при набавка на компјутерска, телекомуникациска и мрежна опрема;
- Проектирање и изведба на компјутерски и телекомуникациски мрежи;

- Инсталација и конфигурација на компјутерски, телекомуникациски и мрежни системи;
- Тековно одржување на компјутерска и телекомуникациска опрема;
- Развој на апликативен софтвер;

Вашата доверба во Електролукс значи одлучност да се посветите на Вашата дејност без притоа да инвестирате време и енергија во одржување на функционалноста на информатичката околина.

За пријава на дефект, консултација, или за обичен совет, можете да го пополните и формуларот во сервисниот дел на овој веб сајт. Ќе ви одговориме во најкраток можен рок. Искуството и опремата која ја нудиме се главен фактор за развојот на фирмата и нејзиното место како конкурент на пазарот.

Поздрав од целиот наш тим до идните клиенти.

**Совети**

Нашиот стручен тим Ви ги нуди следните совети за одржување на вашиот компјутер:

- Изолирајте го од физички оштетувања

- Чувајте го подалеку од вода или други течности

- Не треба да се сервисираат од нестручни лица

- Напојувањето треба да биде имплементирано преку напонски заштитник или други уреди за заштита од преоптоварување на напонот. Ако е можно, напојувањето треба да се стабилизира преку UPS-от

- Вклучувањето и исклучувањето на компјутерот треба да се спроведува во согласност со стандардните постапки

- Често скенирање и дефрагментирање на хард дискот (еднаш месечно)

- Честа проверка на кулерите, за Intel процесори еднаш годишно, за AMD процесори еднаш во шест месеци

- Компјутерот треба да се сервисира / проверува од страна на професионалци најмалку еднаш годишно

- треба да бидат консултирани стручни лица, ако чудна бучава се појавува од кућиштето на компјутерот

- Чести ажурирања на антивирусниот софтвер

- Антивирус софтверски ажурирања на веб сајтови:

1. Symantec Norton Antivirus

2. Network Associates McAfee

3. Панда софтвер антивирус

- Редовно ажурирање на оперативниот систем, апликации и особено Internet Explorer или други интернет пребарувачи

- Претпазливо пребарување преку интернет

- Редовно резервна копија (backup) на податоците на специјални медиуми, кои треба да се чуваат на безбедно место

**ИТ инфраструктура**

Електролукс е веќе докажана компанија за имплементација на Microsoft базирани инфраструктури во повеќе големи компании во Македонија кои имаат и над 1500 работни станици на повеќе географски оддалечени локации.

При реализацијата на инфраструктурните проекти, Електролукс (во зависност од потребите на корисникот) ги имплементира сите серверски продукти на Microsoft со цел да се постигне доверлива, безбедна, достапна, лесно управлива и надградлива ИТ инфраструктура.

Серверските платформи за кои Електролукс има докажана експертиза и сертификација вклучуваат:

- Windows Server 2003
- MS Exchange Server 2003
- Systems Management Server 2003
- Internet Security and Acceleration Server
- Microsoft Operations Management Server
- Live Communication Server

Со правилна имплементација и конфигурација на овие продукти, Електролукс за компаниите имплементира:

- Active Directory инфраструктура
- Мрежна инфраструктура
- Безбедносна инфраструктура
- Комуникациска инфраструктура
- Маил инфраструктура
- Колаборациска инфраструктура
- Управување со промените и конфигурација на инфраструктурата
- Систем за безбеден пристап од далечина

**Придобивки за крајните корисници:**

Крајните корисници добиваат можност за моментален пристап до своите документи и електронски пораки без разлика на кој компјутер седнуваат во фирмата или од надвор, добиваат нови колабoрациски можности за поефикасно соработување со колегите од тимот или одделот, добиваат побезбедни и посигурни компјутери и сл.

**Придобивки за ИТ администраторите:**

- Централизирана контрола на сите клиентски и серверски компјутери
- Автоматизирана инсталација на оперативните системи и апликациите на сите компјутери (пр. 5 минути администраторска работа за инсталација на последната верзија на MS Office на 1500 компјутери)
- Минимизирање на можноста за неавторизирано инсталирање на софтвер
- Зголемување на нивото на безбедност во целата инфраструктура вкличувајки го пристапот на локалните компјутери, пристапот до мрежните ресурси и сервери, енкрипција на мрежниот транспорт, пристапот кон интернт, како и пристапот кон ресурсите на фирмата однадвор
- Автоматизирање на поголемиот број администраторски задачи
- Минимизирање на можностите за реконфигурирање на клиентските компјутери од страна на крајните корисници со што истите би се направиле неупотребливи
- Далечинска контрола на сите компјутери за помош на крајните корисници или пак за реконфигурирање или разрешување на проблеми на нивните компјутери
- Централно складирање на податоците на корисниците со цел полесно да се заштитат и бекапираат

Како едена од најголемите придобивки за администраторите со имплементирањето на ИТ инфраструктури со помош на NextSense е пренесувањето на знаењето со што овие администратори се здобиваат со поттребните знаења и вештини за понатамошно успешно оддржување, оптимизирање и надградување на истите.

**Интернет/Интранет/Екстранет**

Со цел Вашата компанија да биде конкурентна на денешниот пазар, неопходна Ви е брза и точна информација достапна на вистинските луѓе во вистинско време. Постигнувањето на оваа круцијална цел бара Интернет/Интранет решенија кои ќе ја користат предноста на најновите технологии во форма која ќе ги задоволи Вашите деловни потреби.

## Интернет - вистинска алатка за Вашиот бизнис

Ерата на медиокритетот на Интернет е завршена. Интернет со голема брзина станува единствената вистинска алатка за деловно работење низ целиот свет. Тоа подразбира дека Вашата WEB страница не треба да биде само една од многуте обични, промотивни WEB страници, тука треба да биде надоградба на Вашиот реален бизнис.

Ако Вашата Нет-стратегија е составен дел од Вашиот бизнис план, ние ќе Ви понудиме креативност, знаење и искуство што Ви се потребни.

## Ваш партнер во новата економија

NextSense располага со тим од искусни, сертифицирани проектни менаџери, програмери и дизајнери кои заедно со Вас ќе работат на развој на ефективни софтверски решенија.

Било да се работи за интеграција или модифицирање на Вашиот постоечки IT систем во клиент-сервер, Интернет/Интранет решение или развој на нови апликации со n-tier архитектура, ние сме подготвени да Ви овозможиме ефикасни и брзо исплатливи софтверски решенија.

## Електролукс методологија

При развивањето на нашите решенија ја користиме следната методологија:

внимателна анализа

креативна стратегија и планирање

брза изработка на прототип

оригинален медија дизајн

ефикасно тестирање

робусна техничка имплементација

**Техничка експертиза**

Нашата екпертиза во ова поле вклучува алатки и технологии кои се базираат на Microsoft Windows DNA и Microsoft .NET архитектурите како Microsoft Windows 2000, Microsoft SQL Server, Microsoft Exchange Server, Microsoft SharePoint Server, Microsoft BizTalk Server, Microsoft Visual Studio, XML, cross-browser HTML/DHTML, Active Server Pages, Java, JavaScript/VBScript, Macromedia Flash & Shockwave …

**ИТ Консалтинг**

Консалтингот е од голема важност за успех на било кој IT проект. Без разлика дали започнувате со нов проект од самиот почеток, имате тековен проект или Вашата информатичка инфраструктура не е ефективна колку би можела да биде, Електролукс може да Ви помогне со широк спектар на консултантски услуги кои ќе Ви заштедат големо количество на пари, време и нерви.

**Нашиот пристап**

Специјализација според сектори е фундаментална за нашиот пристап. Ние веруваме дека не можеме вистински да им понудиме вредност на нашите клиенти без детално разбирање на концептите, технологиите и идните правци на подрачјето на IT. Поради оваа причина ние инвестираме во континуирано проширување на нашето знаење и експертиза за IT индустријата на која и служиме.

**Инфраструктура на мрежи**

Во денешната околина на информатичката технологија (IT) која забрзано се менува, мрежата е апсолутно најважна за подрачјето на e-business, бидејќи се повеќе и повеќе компании бараат повисок степен на достапност на Интернет, безбедност и ниво на услуги.

Електролукс ќе ја утврди Вашата моментална мрежна инфраструктура, ќе ги одреди Вашите тековни и идни мрежни потреби и ќе формулира мрежна стратегија и дизајн на решението, кои ќе одговараат на Вашите e-business потреби. Ние ќе го испланираме и имплементираме Вашето мрежно решение, вклучувајќи менаџмент на проектот, планирање на инсталацијата, инсталирање на продуктот и негово конфигурирање.

**Дизајн, имплементација и менаџмент на бази на податоци**

Со повеќе од десет години искуство во ова подрачје, нашите експерти со висока стручност ќе Ви понудат високо ефективни услуги за организирање, одржување, заштита и користење на Вашите податоци.

**Заштита**

Заштитата е континуиран процес и затоа соодветното знаење, искуство и алатки се потребни за нејзиниот успех. Електролукс нуди услуги и алатки за извршување на работата и експертиза за да осигура комплетно решение кое ќе се развива со Вашето работно окружување.

Електролукс е верен партнер за заштита на Вашиот важен бизнис.

**WEB Hosting**

Доколку барате начин за хостирање на Вашата WEB страница, без оглед на тоа дали е едноставна или користи модерни технолошки решенија како e-commerce и бази на податоци, ние сме подговени да Ви ги понудиме нашите услуги, алатки и професионалци кои ќе Ви помогнат во секој чекор.

**Електролукс Hosting мисија**

Нашата мисија е да им понудиме на клиентите најдобри WEB Hosting услуги и алатки, заедно со супериорна поддршка. Ние ги "вооружуваме" нашите клиенти со онлине можности кои до вчера беа достапни само за големите компании, со што им помагаме да станат конкурентни на пазарот и да го зголемат обемот на работењето и тоа по поволна цена.

Ние им помагаме на нашите клиенти да се вклучат во дигиталната револуција, преку примена на најновите WEB Hosting технологии и Интернет решенија.

Нашите ресурси, инфраструктура и експертиза им овозможуваат на фирмите, независно од нивната големина, недвосмислена и конкурентна предност во новата Нет економија.

**Електролукс - Hosting тим на Интернет ветерани**

Нашиот тим има заедничка визија која не поврзува и која продуцира динамична, проактивна единица полна со знаење. Ние имаме искуство во WEB консалтинг, e-commerce, Интернет, систем инженерство, и најважно, ние знаеме како да ги одржиме нашите клиенти задоволни. Ние сме дел од Интернет заедницата од средината на деведесетите. Го прифаќаме константниот предизвик за менување и подобрување на

Интернет искуството и услугите за клиентите, што се бара во светот на dot com.

**Мултимедија**

Изработката на мултимедијални презентации е повеќе од комбинација на различни медии. Таа подразбира имплементирање на нашата и Вашата визија и енергија во високо креативна солуција за ефективно презентирање на Вашите продукти и услуги и потенцирање на нивната вредност пред Вашите клиенти.

Основниот клуч за успешна мултимедијална презентација е интеграцијата на нашите и Вашите стратегиски, креативни и технички ресурси.

Членовите на тимот на Електролукс во текот на своите професионални кариери ги продуцираа најголемиот број од македонските мултимедијални изданија, меѓу кои се вбројува и првата мултимедијална енциклопедија за Македонија, енциклопедија Македоника.

Со оглед на тоа дека секој клиент го третираме како партнер, секое успешно мултимедијално решение е резултат на вистинска соработка.

Електролукс Ви нуди комплетни солуции, почнувајќи од идеен проект до конечна продукција на CD-ROM.